## АПСТРАКТ

Колкава е улогата на аграрот во економскиот развој на Република Македонија? Одговорот се наоѓа во клучните економски показатели за економскиот развој, бруто-домашниот производ и учеството на аграрниот сектор во неговото создавање, учеството на аграрниот сектор во вработеноста, во извозот итн.

Република Македонија има долга традиција на производство на земјоделски производи и природни предуслови за развој на аграрниот сектор. Анализата на перформансите на македонскиот аграр е потребна за согледување на сите негови предности и слабости, а во насока на носење соодветни одлуки за креирањеземјоделска политика од Владата и од државните институции, за носење инвестициски одлуки од земјоделските деловни субјекти, од индивидуалните земјоделци самостојно или здружени во асоцијации, од здруженијата, кластерите и други форми на заедничко дејствување. Аспирациите на Република Македонија за полноправно членство во Европската Унија наметнува императивна хармонизација со Заедничката земјоделска политика на Унијата и континуирано следење на сите нејзини измени. Со компаративна анализа на перформансите на македонскиот аграрен сектор со аграрот на земјите-членки на Унијата, може да се согледа неговото значење.

**Клучни зборови: Земјоделство, Заедничка земјоделска политика, земјоделски деловни субјекти, индивидуални земјоделски стопанства, бруто-домашен производ, земјоделско земјиште, растително производство, добиточно производство, цени, работна сила**

## ABSTRACT

What is the role of agriculture in economic development of the Republic of Macedonia? The answer lies in the key economic indicators for economic growth, share of agriculture sector in GDP creation, share of agriculture sector in employment, in exports, etc.

Macedonia has a long tradition in the production of agricultural products and natural conditions for the development of the agrarian sector. Analysis of the performance of the Macedonian agriculture need elaboration of all its strengths and weaknesses, in direction of making appropriate decisions about agricultural policy by the government and state institutions, making investment decisions by agricultural legal units, individual farmers independently or jointly in associations, clusters and other forms. The aspirations of the Republic of Macedonia for membership in the European Union imposes a mandatory harmonization with the Common Agricultural Policy of the Union and continuous monitoring of all its changes. Through a comparative analysis of the performance of the Macedonian agricultural sector and agriculture of the EU Member States may perceive his importance.

**Keywords: Agriculture, Common Agricultural policy, agricultural legal units, individual agricultural holdings, Gross Domestic product, agricultural area, crop production, livestock production, prices, labour force**